



# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# ООУ „АВРАМ ПИСЕВСКИ“ И ООУ „ДИМО ХАЏИ ДИМОВ“ НАЈДОБРИ СКОПСКИ ЕКИПИ ВО УЧИЛИШЕН ФУДБАЛ

Општина Карпош уште еднаш докажа дека е една од најспортските општини во Град Скопје. На минатонеделното натпреварување во фудбал, на ниво на Град Скопје, ООУ „Аврам Писевски“ и ООУ „Димо Хаџи Димов“, покажаа најдобри реузлтати од сите основни училишта кои учествуваа во овој турнир. Овие две екипи од Општина Карпош ќе го претставуваат Градот Скопје на претстојното Државно првенство во фудбал, кое ќе се одржи во април догодина, ќе настапат учениците од основните училишта на ниво на Рeпиблика Македонија. Првенството ќе се одржи во Вевчани, во организација на Сојузот за училишен спорт. Квалитетот на карпошовите фудбалери дојде до израз како резултат на долгогодишните вложувања на локалната самоуправа, со што ги стимулира учениците да се посветат кон спортот и здравите животни навики.

## УСПЕШЕН СПОРТСКИ ТАНДЕМ

Младиот спортски талент од општина Карпош Методиј Бужаровски и гувернерот на Народна банка на Република Македонија Димитар Богов, го освоија второто место во екипна категорија на традиционалниот турнир во пинг понг, кој се одржа минатиот викенд во организација на Ротари клубот Куманово. Во силна конкуренција, спортското дуо Бужаровски-Богов, се покажа како одлична комбинација составена од младешки талент и искуство.

## Меѓународен успех на учениците и наставниците од Карпош

Осмоодделенката Елена Стојкоска од општина Карпош е добитник на специјалната награда за почесна личност, на Меѓународниот натпревар по креативно пишување за млади што се одржа годинава во Токио, Јапонија. По тој повод денеска во ООУ „Владо Тасевски" почесниот конзул на Јапонија во Република Македонија, нејзината екселенција Казу Лешниковска низ свечена церемонија ги врачи сертификатите и признанијата и на останатите учесници во овој меѓународен училишен проект. За најдобар есеј на тема мир, сертификати добија 11 основци од општина Карпош. Двете основни училишта, „Лазо Трповски" и „Владо Тасевски" кои по петти пат учествуваат на овој реномиран Меѓународен натпревар се стекнаа со признанија. Во конкуренција од 148 земји од светот и над 12.000 учесници, проектот координиран од наставниците Стефан Симовски, Виолета Панев и Марија Туџарова, беше оценет како најдобар и ја вброи Македонија како еден од победниците во ова елитно натпреварување. Литературниот натпревар го организираат Организацијата за образование наука и култура на ОН, фондацијата ГОИ од Јапонија и УНЕСКО, кој оваа година го одбележа 70 годишниот јубилеј од своето основање. Основците од Карпош, Димитар Пренџов, Олег Мирчевски, Тео Георгиевски, Виктор Тотиќ, Елена Стојковска, Лина Гегоска, Искра Илиеска, Лука Тасевски, Моника Алимова, Нина Толевска и Ристо Вељанов пишуваа за сите деца во светот и нивните права, желби и пораки на љубов и мир. Тие ги пренесоа своите замисли како се гради мирот во нивните срца, покажаа дека јазикот е алатка и мост на спојување на многу земји и различни култури. Младите поети поттикнати од креативната енергија и имагинација, му покажаа на светот како се надминуваат сите прерасуди поврзани со расата и религијата, уверувајќи не дека мирот започнува во размислите на секој поединец.

# ЗАЗЕЛЕНИЈА УЧИЛИШНИТЕ ДВОРОВИ ВО КАРПОШ

По повод „Денот на дрвото-Засадија ја својата иднина“, учениците од трите основни училишта „Братство“, „Јан Амос Коменски“ и „Димо Хаџи Димов“, денеска ги зазеленија и збогатија своите училишни дворови. Оваа акција, која е во организација на Одделението за животна средина при локалната самоуправа, се спроведува веќе трети пат која е од исклучителна важност за зачувување на здравата животна околина.

Основците заедно со своите наставници, засадија 45 дрвца од видот чемпрес и туја, а кои се донација од фирмата за електронски отпад „ЕЛКОЛЕКТ-ДОО“.



# ХУМАНА АКЦИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП

Во рамките на Меѓународниот ден на лицата со хендикеп, општина Карпош по петти пат го одбележува овој ден, трети декември, со пријателска средба со жителите од Карпош, со посебни потреби. На денешното дружење тие се сретнаа со Секретарот на Општината, Бојан Милошевски, претседателот на Советот на локалната самоуправа, Сашо Лазаревски како и раководителката на одделението за детска, социјална и здравствена заштита, на која беа презентирани дел од идеите на овие лица како потреби за полесно движење и функционирање во секојдневието.

-Оваа година е петта по ред на која одржуваме состаноци и ги решаваме нивните проблеми. Секоја година бројот на хендикепирани луѓе во нашата општина е различен и ние како администрација која се грижиме за доброто на граѓаните помагаме при нивното секјодневно живеење. Им излегуваме во пресрет на нивните барања, па така, минатата година реализиравме неколку пристапни рампи во влезовите каде пристапот до нивните домови е многу полесен – истакна Лазаревски.

Оваа година во општина Карпош се регистрирани 67 лица со посебни потреби и истите ќе добијат парична помош од 4.000 денари, со цел да им се подобри тешката состојба во која се наоѓаат. Освен паричната помош, локалната самоуправа се грижи за лицата со хендикеп, градејќи пристапни рамки каде што има потреба од нив и обезбедува медицински помагала за лицата од ранлива категорија. Во рамките на Меѓународниот ден на лицата со хендикеп, најмалите дечиња од градинката „Орце Николов“, ги израдуваа присутните со новогодишни честитки изработени од нивните рачиња, а кои беа поделени на секој поединечно.



# КАРПОШ ДОБИ РАЗВОЕН БУЏЕТ

**Со цел да се реализираат капиталните проекти, советниците од општина Карпош на денешната 42 седница која се одржа денеска на Технолошко-Металуршкиот факултет во Скопје, му дадоа зелено светло на Буџетот за 2016 година. Тој опфаќа спроведување на програмата за уредување на градежно земјиште, со која се предвидуваат инвестиции во вид на изградба на детска градинка во Бардовци, изградба на неколку плоштади, замена на старите азбестни покриви на зградите, поставување на нови лифтови и поставување на енергетско ефикасни фасади. Локалната самоуправа ќе вложува и во капитални проекти кои се однесуваат на заштита на животната средина.**

**По исцрпна дискусија, советниците од општина Карпош го донесоа и Деталниот урбанистички план за Градска четврт З 03, кој го опфаќа просторот помеѓу бул. Партизански одреди, бул. Македонија и ул. Московска, за кој дополнително ќе интервенира со неколку парцијални измени. Со истата динамика тие ја прифатија Програмата за активностите на општина Карпош за 2016 година од областа на заштита на животната средина и природата и енергетската ефикасност, спортот, културата, детска социјална и здравствена заштита, образование, како и Програмата од областа на информатичката технологија.**

**По презентацијата на претседателот на Советот на млади на општина Карпош, Филип Радевски, советниците ја изгласаа Програмата која предвидува доделување на стипендии за најталентираните млади карпошани, бесплатни курсови по странски јазик, бесплатна читална, и санација на кошаркарското игралиште во Карпош 1. Со одлука на Советот на општина Карпош, советникот Горан Михајлов доби овластување за учество и одлучување во Собранието на акционери, на друштвото за спортски дејности КК Карпош-Соколи 2000 АД Скопје.**



# ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ ОД КРАЖБА ВО АВТОМОБИЛИ




**Општина Карпош денес ги продолжи активностите поврзани со проектот „ Не оставајте вредни предмети во вашите  автомобили” . Во соработка со одделението за превенција при СВР Скопје и полициската станица Карпош, во непосредна близина на Универзитетот за Туризам и менаџмент, граѓаните на Карпош беа запознаени со кампањата, која има за цел да ја подобри општата безбедност на граѓаните, односно да ја подигне свеста кај граѓаните за нивна заштита од кражба во автомобилите.**

**Предвидените активности во оваа кампања се реализираат во соработка со урбаните заедници на територија на  Карпош и истите се презентираат преку информативни средби и состаноци. Пресретнатите граѓани беа позитивно изненадени од денешната акција, и дадоа поддршка на оваа кампања.**